Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-125/3
25-03-2025 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-125 од 21.1.2025 година, поднесена од [redacted] од Скопје, за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-125 од 21.1.2025 година, поднесена од [redacted] од Скопје **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 21.1.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] против ЈП Улици и патишта Скопје, за извршена дискриминација врз основ на здравствена состојба во областа на работата и работните односи.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката само на кратко беше наведено со кое дејствие подносителот бил дискриминиран и недостасуваше описот на настанот, на 22.1.2025 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, во насока што ќе ги наведе сите информации за околностите и фактите врз кои се темели претставката и дејството со кое подносителот смета дека е дискриминиран, дополнително на што беше побарано да ја достави и соодветната документација со цел дополнително образложување на фактичката состојба која би ја навел во самото доуредување.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доби поштенска испратница за неуспешна достава на барањето за доуредување со назнака дека примачот е иселен, поради што предметното барање го достави и на електронската адреса на подносителот на 6.3.2025 година.

Подносителот на претставката не ја доуреди истата во предвидениот законски рок и следствено на тоа, поради процедурална неможност да се води постапката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Вејзароски

Доставено до:
- [redacted]